ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-229/2
**Дата:** 31.01.2020

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18) и член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година и бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Извештај од спроведена селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија заведена под број 04-229/1 од 31.01.2020 година, со предлог на избор на кандидат за секое од работните места по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-61/2 од 16.01.2020 година и дополнување на интерен оглас заведен под број 04-61/5 од 17.01.2020 година, доставен од Комисијата за селекција за унапредување на државни ревизори формирана со решение заведено под број 04-150/1 од 27.01.2020 година, на ден 31.01.2020 година, Главниот државен ревизор донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на четири (4) кандидати за унапредување на работно место**
**Виш соработник – Виш ревизор во Државниот завод за ревизија**

1. По интерниот оглас заведен под број 04-61/2 од 16.01.2020 година и дополнување на интерен оглас заведен под број 04-61/5 од 17.01.2020 година, се избираат следните кандидати:

- Кандидатот **Дијана Дејаноска Петковска** се избира за Виш ревизор за ревизија на Народна банка и носители на законодавната и извршната власт, судството, Јавното обвинителство и Државното правобранителство, Народниот правобранител и Агенцијата за администрација и други органи на државна управа во Одделение за ревизија на народна банка и носители на законодавна и извршна власт, судството, јавното обвинителство и државното правобранителство, народниот правобранител и агенцијата за администрација и други органи на државна управа во Сектор 1 за ревизија на субјекти од законодавната, извршната власт, органите на државната управа, ЈП кои вршат јавни работи, одбраната, јавната безбедност, судството, јавното обвинителство и државното правобранителство, шифра РЕВ0101В02;

- Кандидатот **Соња Тарчуговска** се избира за Виш ревизор за ревизија на субјектите од областа на образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, ЈП и агенција од областа на спортот, ЈП од областа на урбанизмот и градежништвото во Одделение за ревизија на субјектите од областа на образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото во Сектор 2 за ревизија на субјектите од

областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија и трговски друштва од областа, образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото и локалната самоуправа, шифра РЕВ0101В02;

- Кандидатот **Мирјана Симакоска** се избира за Виш ревизор за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија, трговски друштво од областа, локалната самоуправа, Градот Скопје, општините и јавни претпријатија на локално ниво во Одделение за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија, трговски друштво од областа, локалната самоуправа, Градот Скопје, општините и јавни претпријатија на локално ниво во Сектор 2 за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија и трговски друштва од областа, образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото и локалната самоуправа, шифра РЕВ0101В02;

- Кандидатот **Сашо Матевски** Виш ревизор за ревизија на животната средина, просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, правда и казнено поправни установи и ЈП од областа во Одделение за ревизија на субјектите од областа на трудот и социјалната политика, субјекти од областа на работните односи, пензиско и инвалидско осигурување, правда и казнено поправни установи, и јавни претпријатија од областа во Сектор 3 за ревизија на субјектите од областа на трудот и социјалната политика, работните односи, пензиско и инвалидско осигурување, здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, правда и казнено поправни установи и ЈП од областа, шифра РЕВ0101В02;

- За местото со шифра РЕВ0101В03, Виш ревизор за унапредување на ревизијата и за систематизирање на резултатите од ревизијата во Одделение за унапредување на ревизијата и за систематизирање на резултатите од ревизијата во Сектор 4 за унапредување на ревизијата и следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди, не се предлага избор на кандидат.

2. Изборот на кандидатите од став (1) од оваа Одлука е извршен врз основа на Извештај од спроведена селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија заведена под број 04-229/1 од 31.01.2020 година, со предлог на избор на кандидат за секое од работните места по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-61/2 од 16.01.2020 година и дополнување на оглас заведен под број 04-61/5 од 17.01.2020 година, доставен до Главниот државен ревизор од Комисијата за селекција за унапредување на државни ревизори формирана со решение заведено под број 04-150/1 од 27.01.2020 година.

3. Именуваните кандидати од став (1) ќе бидат унапредени на работните места по конечноста на оваа Одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со член 69 став (3) и став (4) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр.01-290/1 од 19.04.2017 година и бр.01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Годишниот план за вработување за 2020 година на Државниот завод за ревизија бр.01-735/1 од 30.12.2019 година, за кој е добиена претходна согласност од Министерство за финансии бр.08-112/7-2 и претходна согласност од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-346/2 од 15.01.2020 година, и Известување за обезбедени финансиски средства за унапредување од Министерство за финансии бр.18-609/2 од 14.01.2020 година, дадена по барање согласност за унапредување на Државниот завод за ревизија бр.04-44/1 од 13.01.2020 година, објавен е интерен оглас за унапредување заведен под број 04-61/2 од 16.01.2020 година и дополнување на оглас заведен под број 04-61/5 од 17.01.2020 година.

Со оглед дека, согласно член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, а врз основа на поднесениот Извештај со предлог за унапредување, работодавачот е должен да донесе Одлука за избор во рок од три дена, главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука. Распоредувањето на избраните кандидати на секое од работните места ќе се изврши по конечноста на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА Скопје * ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT * Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р Александар Поповски